Здружение на граѓани за социјален и економски развој

ИН ВИВО

Број ____- ____

7.10.2018 година, С к о п ј е

З А П И С Н И К

Од втора работна седница на членството на Здружението на граѓани за социјален и економски развој ИН ВИВО

Втората работна седница на членството на Здружението на граѓани за социјален и економски развој ИН ВИВО (во натамошниот текст:Здружението), се одржа на ден 7.10.2018 година (среда), со почеток во 12:00 часот.

Седницата ја отвори и истата ја водеше Извршниот дирекор на Одборот на Здружението на граѓани за социјален и економски развој ИН ВИВО, Дејан Стојановиќ (во натамошниот текст Извршниот директор).

Извршниот директор го предложи следниот

ДНЕВЕН РЕД

1) **Запознавање со новите членови на Здружението;**
2) **Преглед на статусот на обврските иницирани на претходната работна средба;**
3) **Иницирање на ‘работни групи’ кои би се посветиле на одделни активности на Здружението;**
4) **Дискусија во однос на отворените повици на кои би можеле да аплицираме;**
5) **Преглед на активности поврзани со Славчо; и**
6) **Разно.**

Пред отпочнување на расправата по предложените точки на дневен ред Извршниот директор запраша дали некој од членовите има забелешки по истиот.

Бидејќи немаше забелешки, Извршниот директор продолжи со работа по точките од предложениот дневен ред.

1.Прва точка од дневниот ред - Запознавање со новите членови на Здружението;
Во рамките на првата точка од дневниот ред се претставија новите членови на здружението Биљана Ангелова и Зоран Димовски.

2.Втора точка од дневниот ред - Преглед на статусот на обврските иницирани на првата работна средба;

Се заклучи дека до 20.10.2018 година треба да се има потполни информации за активностите поврзани со едукацијата.

Извршниот директор извести дека на проектот за попреченост не сме аплицирале поради определани технички проблеми и дека треба да се донесат процедури за аплицирање на проекти, со цел да се надминат такви проблеми во иднина.

Извршниот директор известија за остварени активности како и за претстојните чекори кои ќе бидат преземени за обезбедување на простор.

3.Трета точка од дневниот ред - Иницирање на 'работни групи' кои би се посветиле на одделни активности на Здружението;
Во рамките на третата точка, членовите кои не беа присутни на првата работна средба се изјаснија во кои активности на здружението би сакале да учествуваат:

Заклучено беше дека заради зголемување на ефикасноста треба да се назначат координатори на работни групи по пооделните области.

4. Четврта точка од дневниот ред - Дискусија во однос на отворените повици на кои би можеле да аплицираме;

Во рамките на четвртата точка се отвори дискусија поврзана со повикот објавен од страна на Јапонската Амбасада во Република Македонија.
Членството беше информирано за конференцијата одржана на 3.10.2018 година одржана во Холидеј Ин, во организација на USAID.

5. Петта точка од дневниот ред – Преглед на активности поврзани со Славчо;

Во рамки на петтата точка се констатира дека наскоро ќе биде надминат проблемот со добивање на лични документи, по што се дискутираше за идните чекори кои треба да се превземат со цел на подобрување на социјалната и економската состојба на Славчо.

6. **Шеста точка од дневниот ред** – Разно.

Во рамки на шестата точка Нијаз Пепиќ ги запозна останатите членови со профилот на компанијата за која работи во Германија како и за тоа дека е се поголема потребата од квалификувана работна сила. Исто така извести дека отпочнал разговори за добивање на донација во вид на користени машини кои би биле ставени во функција на активностите на здружението поврзани со едукација со цел на стекнување на определени квалификации. Покрај претходно наведеното Нијаз Пепиќ преземал и активности за поврзување на здружението со сродни здруженија од Германија со што би се отворилe нови перспективи на повеќе полиња.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија Извршниот директор ја затвори седницата во 15:00 часот.

7.10.2018 во Скопје ----------

Записникот го составил: Извршен директор на

_____ Здружението на граѓани за социјален и економски развој ИН ВИВО